### МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ЌЕ ГИ ПОСТАВИ ПРВИТЕ ЧЕТИРИ СКУЛПТУРИ ЗА РАЗУБАВУВАЊЕ НА ГРАДОТ

# Скопска "Шмизла" спроти хотел "Турист"

**■ Останатите 30 скулптури, кои беа избрани лани на јавен конкурс, ќе бидат поставени во строгото градско подрачје штом ги изработат авторите**



Министерството за култура в недела во 13 часот ќе ги постави првите четири скулптури од проектот за поставување на 34 скулптури во строгото градско подрачје.

Бронзената скулптурата "Заљубени" од Димитар Филиповски, која е висока 2,4 метри, ќе стои на плоштад Македонија. Од истиот автор на улица Македонија, спроти хотел "Турист", ќе биде поставена и скулптурата "Шмизла", која е изработена од бронза и висока е два метра.

Пред поранешното кино "Култура" ќе стои скулптурата "Мачка" на Томе Аџиевски. Мачката е од бронза, а стои на мермерна топка со дијаметар од 120 сантиметри.

На улица Македонија, во близина на поранешен "Путник", ќе биде поставена и бронзената скулптура "Девојче" на Грозданка Каникова, која е висока 1,6 метри.

На јавниот конкурс за идејни решенија за скулптури, кој Министерството го распиша лани во март, беа одбрани 34 идејни решенија од 26 автори. Надлежните во Министерството за култура велат дека скулптурите ќе бидат поставувани во центарот на Скопје штом авторите ги завршат.

"Сакаме да го разубавиме градот, за да добие изглед на вистинска метропола. Во споредба со главните градови на европските и на светските метрополи, Скопје е град со малку скулптури. Со реализацијата на овој проект ќе внесеме квалитет во културното секојдневје, а скулптурите ќе имаат и едукативно влијание", велат од Министерството за култура.

**(Е.А.)**

*Автор на скулптурата е Димитар Филиповски*